**Општи услови за издавање и користење на кредитни картички ( T-Life, T Smile, Visa Classic ) за физички лица на ТТК Банка АД Скопје**

Со Општите услови за издавање и користење на кредитни картички за физички лица, се уредуваат основните и општите правила за издавање и користење на домашните Т картички и Visa кредитни картички за физички лица на ТТК Банка АД Скопје. Посебните услови за издавање и користење на одделните видови кредитни картички за физички лица се уредуваат со посебен Договор помеѓу Банката и Корисникот.

**1. Дефиниции**

- Општи услови - Општи правила и услови за издавање и користење на кредитни картички на физички лица
- Банка - ТТК Банка АД Скопје
- Основна картичка - Visa Classic или T- Smile, T-Life картичка, која Банката ја издава на Корисникот на картичката
- Дополнителна картичка - картичка, која на барање и со овластување од корисникот на основната картичката се издава на дополнителниот Корисник на картичката, кој ги користи средствата од сметката на корисникот на основната картичка
- Корисник на картичка - физичко лице на кое Банката му има издадено Visa Classic или T- Smile, T-Life картичка и чие име е напишано на картичката
- Корисник на основна картичка - корисник на картичката, сопственик на сметката, кој се терети за трошоците кои настануваат со користење на картичката
- Корисник на дополнителна картичка - корисник на картичката, на кој му е издадена дополнителна картичка на барање и со овластување од корисникот на основната картичка
- Сметка-Денарска/кредитна сметка на корисникот на основната картичка отворена кај Банката, која се задолжува/одобрува за износот на трансакциите, провизиите, надоместоците и каматите кои настануваат со користењето на основната и дополнителните картички;
- Кредитен лимит-вкупен износ на кредит, кој Банката го одобрува на Корисникот на основната картичка, кој е на располагање на сметката на Корисникот на основната картичка за сите трошоци кои настануваат со користење на картичката, и кој се обновува во зависност од видот на кредитната картичка;
- Плаќање-вложување средства на сметка за подмирување на искористен кредитен лимит;
- Расположиво салдо на сметка-расположиви средства (сопствените средства и неискористените средства од одобрениот кредитен лимит) намалени за резервирани средства за авторизирани, а неискнижени трансакции;
- Дневен лимит-износ на средства, број на трансакции и максимален износ на трансакција кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, во трговија или за подигнување на готовина;
- Трошоци-сите задолжувања за износот на трансакциите, провизиите, членарините, надоместоците и каматите кои настануваат со користењето на основната и дополнителните картички;
- Банкомат-електронски уред кој овозможува исплата на пари во готово, но и други услуги, без присуство на вработени од Банката;
- Продажно место-трговец, кој има склучено Договор за продажба на стоки и услуги со наплата преку картички од програмата на Visa International, со ТТК Банка или од програмата на други домашни банки со кои Банката има склучено мултилатерален договор;
- POS (Point of sale) терминал-електронски уред инсталиран на продажни места или банкарски шалтери кој служи за електронско спроведување на трансакции;
- Импринтер-рачен уред инсталиран на продажни места кој служи за спроведување на трансакции;
- PIN (Personal identification number) - таен личен идентификационен број на Корисникот на основната картичка, односно Корисникот на дополнителната картичка, кој служи како идентификација при користење на картичката на банкомат и POS терминал;
- Работен ден-секој ден во кој Банката и финансиските институции во Република Македонија работат и извршуваат финансиски операции;
- Договор-договор кој се склучува помеѓу Банката и Корисникот и со кој се уредуваат посебните услови и правила за издавање и користење на одделните видови на  кредитни картички на физички лица;
- Гореспоменатите термини употребени во еднина, во Општите услови, Договорот и документацијата која е прилог кон него, можат да се употребат и во множина и во членувана форма, без притоа да го изгубат дефинираното значење.

**2. Издавање на  кредитна картичка и одобрување на кредитен лимит**

Картичката е сопственост на ТТК Банка АД Скопје (во понатамошниот текст:Банка)

Картичката може да се издаде на секое деловно способно физичко лице кое ги исполнува условите за добивање кредитна картичка, а кое е државјанин на Р.Македонија.

За сите трансакции настанати со картичката/ите (во Р. Македонија или надвор од Р. Македонија) се задолжува сметката на Корисникот на основната картичка, која Банката ја отвара со отварање на картичката.

Подносителот на барањето предава во Банката пополнета и потпишана Апликација за издавање кредитна картичка со друга пропратна документација.

Подносителот на барањето е согласен Банката да ги провери сите податоци наведени во Апликацијата, како и да прибави евентуално потребни дополнителни информации за него. Банката одлучува за издавање на картичката, без обврска на подносителот на барањето да му даде образложение за својата одлука.

Корисникот на картичката ја гарантира точноста на наведените податоци во Барањето. Врз основа на поднесеното барање, Банката одлучува за издавање на картичката и за одобрување на кредитен лимит на Корисникот на основната картичка.

Висината на кредитниот лимит се одредува согласно интерните акти на Банката. За обезбедување на навремено и целосно измирување на искористениот кредитен лимит, Корисникот доставува инструменти за обезбедување одредени согласно интерните акти на Банката;

Доколку подносителот на барањето се откаже од издавањето на картичката во периодот после одобрување на барањето и изработка на картичката, должен е да и ги надомести на Банката сите трошоци кои настануваат во постапката за издавање на картичка.

Корисникот на картичката е должен по прием на картичката истата веднаш да ја потпише со хемиско пенкало, при што потписот треба да биде идентичен со потписот на Апликацијата, трансакциоката сметка и пасошот. Корисникот на картичката го сноси целиот ризик и последиците во случај на непотпишување на картичката.

Рокот на важност на картичката е наведен на картичката. Корисникот може да ја користи картичката само во периодот назначен на истата.

**3. Дополнителна картичка**

На барање и со овластување од Корисникот на основната картичка, Банката може да одобри издавање на дополнителна картичка.

За сите трошоци кои настануваат со користењето на основната и дополнителната картичка се задолжува сметката на Корисникот на основната картичка.

Корисникот на основната картичка може да го отповика овластувањето и да го прекине правото на користење на дополнителна картичка, за што е должен писмено да ја извести Банката и да ја врати дополнителната картичка. Во случај корисникот на основната картичка да не може да дојде до посед на дополнителната картичка, постапката за прекинување на правото на користење на дополнителната картичка се спроведува врз основа на писмениот допис, при што картичката се блокира и се оневозможува нејзино понатамошно користење.

**4. Обновување на картичката**

Ако Корисникот на основната картичка се придржува на Општите услови, а не го откаже обновувањето на картичката најмалку 45 дена пред истек на рокот на важност на картичката, картичката автоматски ќе биде обновена и не е потребно да се доставува барање за нејзино обновување.

Корисникот на картичката е должен да води грижа за нејзиниот датум на важење. Доколку не добие известување за обновена картичка до крајот на месецот кој е назначен како краен рок на важност, должен е да се обрати до Банката.

Корисникот е должен да ја врати или уништи (пресече) старата картичка.

За износот на годишната членарина за основната и дополнителните картички се задолжува сметката на Корисникот на основната картичка.

**5. Користење на картичката**

Картичката не е преносливa на други лица и може да ја користи исклучиво корисникот на картичката чие име е втиснато на картичката.

Корисникот на Visa Classic може да ја употребува картичката за безготовинско плаќање на производи и услуги на сите продажни места во Р.Македонија и странство, кои имаат Visa ознаки.

Картичката може да се користи и за подигнување готовина во домицилна валута на сите банкомати и кај сите банки во Р.Македонија и странство, кои имаат Visa ознаки.

Користењето на картичката во странство подлегнува на Законот за девизно работење и на други прописи кои го регулираат девизното работење.

Корисникот на T-Life, T-Smile може да ја употребува картичката за безготовинско плаќање на производи и услуги на сите продажни места во Р.Македонија, кои имаат ТТК ознаки.

Картичката може да се користи и за подигнување готовина на сите банкомати и кај сите банки во Р.Македонија, кои имаат ТТК ознаки.

При користење на картичката на банкомат корисникот се идентификува со PIN, а на POS терминал се идентификува со PIN и/или потпис, кој треба да биде идентичен со потписот на картичката.

Еден примерок од потврдата за купопродажба, Корисникот на картичката задржува за своја евиденција.

Сите согледани неправилности на потврдата за извршена трансакција, корисникот ги оспорува непосредно при купувањето, односно користењето на услугата.

Корисникот е должен да ги чува сите документи во врска со плаќањата извршени со картичката најмалку 6 месеци. На прво барање на Банката, доколку за тоа се појави потреба должен е истите да ги достави до Банката.

Корисникот на картичката е должен на барање на продавачот на стока, односно вршителот на услуга да се легитимира со лична карта, односно пасош.

PIN-от му е познат исклучиво на Корисникот на картичката и потребно е со истиот да се постапува строго доверливо и да не биде достапен за трети лица.

PIN-от не смее да се запишува на картичката и никаква писмена трага за PIN-от не смее да биде доведена во врска со картичката.

Во случај на губење или заборавање на PIN-от, Корисникот на картичката треба веднаш да се обрати во Банката за повторно издавање на PIN.

**6. Услови на плаќање**

Корисникот може да ја користи картичката до висина на расположивото салдо, во моментот на настанување на трансакцијата односно во моментот на задолжување на сметката, за сите трансакции во Р. Македонија и странство.

Корисникот на основната картичка ја овластува Банката, трошоците настанати со користење на основната и дополнителните картички да ги наплатува од неговата сметка.

Корисникот на основната картичка, за наплата на сите достасани а ненаплатени трошоци кои може да настанат на сметката со користење на основната и дополнителните картички, ја овластува Банката без негова дополнителна согласност да воспостави налози и да врши наплата од сите сметки отворени во Банката на име на Корисникот на основната картичка.

Доколку во рок од 60 (шеесет) дена од денот на користење на картичката Корисникот на основната картичка во изводот на сметката не добие известување за задолжувањата на направените трошоци, должен е веднаш да ја извести Банката.

Банката одредува дневни лимити за користење на картичката, за кои Корисникот на картичката е информиран при подигнување на картичката. Банката го задржува правото да врши промена на дневните лимити.

Користењето на картичката се врши во рамки на расположивото салдо, односно во рамки на дневниот лимит.

**7. Известување**

За сите задолжувања за износот на трансакциите, трошоците, надоместоците и каматите кои настануваат со користењето на основната и дополнителните картички Банката го известува Корисникот на основната картичка преку месечен извештај кој на Корисникот му се доставува по пошта, истиот го подигнува на шалтерите на Банката или по електронски пат.

Корисникот на основната картичка има обврска доколку не добие месечен извештај по пошта, без оглед на причините, да го подигне месечниот извештај на шалтерите на Банката.

**8. Рекламации**

Банката не превзема никаква одговорност за квалитетот и количината на производите односно услугите купени со картичката.

Рекламациите во врска со квалитетот и количината на производите односно услугите купени со картичката се решаваат на продажното место.

Корисникот на основната картичка е должен да ги подмири вкупните трошоци по сметка без оглед на рекламациите.

Доколку Корисникот на основната картичка смета дека некои од трошоците се погрешно пресметани и прокнижени, или дека не му припаѓаат, може да се обрати до Банката поднесувајќи ги сметките и сите останати релевантни документи кои Банката може да ги побара.

Рекламациите се поднесуваат на образец од Банката, на шалтерите на Банката.

Рокот на поднесување рекламации е 10 (десет) дена по завршување на месецот во кој е книжена трансакцијата. Во спротивно Банката ќе смета дека корисникот на основната картичка е согласен со вкупните трошоци наведени во месечниот извештај.

Оспорувањето на трошоците не го одложува нивното подмирување.

Доколку Банката утврди дека рекламацијата е оправдана ќе ја одобри сметката на Корисникот на основната картичка, а во случај на неоправдани рекламации корисникот на основната картичка ги сноси сите трошоци кои произлегуваат од постапката за рекламација.

Рокот за решавање на случајот на рекламацијата го одредува Банката во согласност со правилата на Visa International, интерните акти на Банката и важечките законски прописи во Р. Македонија.

**9. Губење или кражба на картичка**

Корисникот на основната картичка ги сноси сите законски последици и одговорност за евентуално неовластено користење на картичката.

Корисникот е должен да се придржува на мерките за сигурност при користење на картичката (пр. треба да ја потпише картичката, да го чува PIN-от во тајност одвоен од картичката и сл.)

Корисникот на картичката е обврзан веднаш да го пријави губењето односно кражбата на картичката во Банката или на бројот означен на позадина на картичката и истата пријава да ја потврди со итно поднесување писмена пријава до Банката односно во организационите единици на Банката - Експозитури и Филијали.

Во случај на губење или кражба на картичката, Корисникот на основната картичка сноси финансиска одговорност за трошоците направени со картичката. Корисникот е должен во рок од 10 (десет) работни дена писмено да ги потврди или да ги отфрли пријавената кражба, губење или одземање.

После прием на писмена пријава за губењето или кражбата на картичката, Банката на Корисникот ќе му издаде нова картичка. Трошоците за издавање нова картичка и/или PIN после губењето или кражбата, паѓаат на терет на Корисникот на основната картичка, во согласност со Одлуката за Тарифата на надоместоци на Банката.

Доколку Корисникот ја најде картичката после пријавата на губењето односно кражбата, не смее да ја користи истата туку е должен истата да ја врати или уништи (пресече) истата. Трошоците направени со користење на пронајдената неважечка картичка се книжат на терет на сметката на Корисникот на основната картичка.

При губење, кражба или оштетување на картичката, Корисникот има право да побара нова или обнова на старата пред истекот на рокот на важност, за што ги подмирува трошоците согласно важечкиот Тарифник за надоместоци и услуги на Банката.

Доколку Корисникот на картичката не ја почитува обврската за тајност или не се придржува кон мерките за сигурност при користење на картичката, одговорен е за секоја нејзина злоупотреба.

Во случај на основано сомнение дека се работи за кражба, Корисникот е должен случајот да го пријави во полиција во најкус можен рок.

**10. Престанок на правото на користење на картичката**

Картичката е сопственост на Банката и на нејзино барање Корисникот на картичката е должен истата веднаш да ја врати. Картичката чиј рок е изминат или е поништена, не смее да се користи. Банката може да одлучи да го скрати правото на користење на картичката, трајно или привремено, или да одлучи да ја откаже картичката во следниве случаи:

- кога Корисникот на картичката три пати последователно внесува погрешен PIN
- кога е пријавена кражба или губење на картичката.
- доколку Корисникот ја користи картичката спротивно на Општите услови
- кога на сметката нема покритите за наплата на пристигнатите трошоци, односно истата е неактивна
- во сите останати случаи по проценка на Банката, без обврска за наведување на причината.

Продажното место може да ја задржи картичката и да ја достави до Банката, доколку картичката ја користи лице кое не е назначено како Корисник, доколку Банката има дадено налог за одземање на картичката или ако картичката е со истечен рок на важност.

Доколку Банката ја откаже картичката на основниот Корисник, сите дополнителни картички стануваат неважечки.

Корисникот на основната картичка може да го откаже користењето на картичките со доставување на писмена изјава до Банката и со враќање на основната и дополнителните картички.

Доколку Корисникот на основната картичка сака да го укине користењето на дополнителна картичка, должен е да ја извести Банката со потпишување на писмена изјава за повлекување на овластувањето, и картичката да ја врати во Банката.

Во случај на откажување на основната или дополнителните картички, Корисникот на основната картичка е должен да ги подмири сите неплатени обврски по картичката, настанати до моментот на откажување на картичката.

**11. Камати, надоместоци и провизии**

Сите надоместоци, провизии и камати поврзани со картичката се наплатуваат во согласност со Одлуката за тарифата на надоместоци на Банката и Одлука за висина на каматни стапки на Банката. За износот на пресметаните надоместоци и провизии се задолжува сметката на Корисникот на основната картичка и истите се прикажуваат на месечниот извештај.

**12. Останати одредби**

Општите услови се составен дел на Апликацијата (Барањето) за издавање на картичка. Со потпишувањето на Апликацијата (Барањето) Корисникот на картичката ги прифаќа Општите услови и изјавува дека му се јасни и ги прифаќа.

Одредбите од Општите услови се однесуваат на Корисникот на основната картичка, како и на секој Корисник на дополнителна картичка.

Банката го задржува правото за измена на Општите услови, како и Тарифата за надомест на услуги на ТТК Банка АД и Одлуката за каматни стапки на ТТК Банка АД согласно со деловната политика на Банката.

Корисникот на основната картичка е согласен да биде известен за промената на условите преку месечните извештаи, доколку Банката испрати такви, веб сајтот на Банката, сајтот кој Корисникот го користи за проверки на состојбата на картичката, преку огласување на новите услови во експозитурите на Банката или на други начини кои Банката ќе ги определи за известување.

Доколку Корисникот на основната картичка не се согласува со промената, може да побара прекинување на користењето на картичката во рок од 15 дена од денот на објавата на измените во условите. Во тој случај е должен на Банката да и ја врати картичката/ите. Во спротивно ќе се смета дека Корисникот е согласен со измените.

Корисникот на основната картичка е одговорен за сите трошоци настанати во врска со работењето со картичката, доспеани или не.

Договорните права и обврски за Банката течат од денот на поднесување на барањето.

Правата и обврските кои се однесуваат на користење на картичката, течат од денот кога Корисникот потпишал прием на картичката.

Банката не сноси никаква одговорност ако Корисникот на картичката не може да ја употреби картичката во следните ситуации кои се надвор од контрола на Банката:

-технички проблеми со опрема, систем, телекомуникации и струја;
-штрајк или други вонредни околности;
-кога картичката е заробена на продажно место или на банкомат и истата е оштетена;
-кога од било која причина продажното место, банка или банкомат не ја прифаќа картичката.

Банката се обврзува да ги заштити личните податоци за Корисникот на картичката, согласно законските прописи.

Корисникот на основната картичка е должен веднаш да ја извести Банката за промена на адресата, вработувањето или некои други податоци кои може да влијаат врз користењето на картичката.

Во случај на неизвестување за променета адреса извршената достава на првобитно евидентирана адреса се смета за уредна и валидна.

Секое користење на картичката кое е спротивно на Општите услови повлекува автоматско одземање на основната и дополнителните картички, превземање на мерки согласно Законските прописи, а целокупната материјална штета заедно со каматите ја сноси Корисникот на основната картичка.

Со потпишувањето на Општите услови на ТТК Банка АД Скопје за издавање и користење на кредитна картичка, Корисникот се согласува Банката да врши обработка на личните податоци, да ги користи личните податоци со цел да врши проверка и верификација на истите, да ги користи при анализа на работењето на комитентот преку Банката, како и да ги ажурира податоците во системот со цел известување и промовирање на производи и услуги.

Во случај на спор помеѓу Банката и Корисникот на картичката, надлежен е стварно и месно надлежниот суд за Банката.